малку 25.000 лица. Битолскиот конзул ги регистрира и последиците од овие иселенички таласи: намалувањето на работната рака, засилувањето на лихварството, но истовремено и откупување на земјата со спечалените пари во Америка, како и ослободување на селаните од чифличката зависност. Австриskиот конзул понатаму тврди како уште понатамошна последица на ова масовно откупување на земјата од турските бегови и чифликсајбии цената на земјата се поскапела двојно и тројно т.е. за порано плаќаниот еден долум добра нива две турски лири, во 1905 и 1906 година почнало да се плаќа по 5—10 лири.

Во документите се говори и за преземениот попис на населението во Македонија 1905 година и за специјалните турски методи со кои се настојувало да се прикаже турското население во поголем број. „Разновидноста на издадените директиви за одделни подрачја на вилаетот, констатира во својот извештај скопскиот австриски конзул, дава можност да се согледа дека власта со претстојниот попис на населението ја следи целта мнозинството на муслиманскиот елемент да го демонстрира по можност со што поголеми цифри. За постигањето на таа цел одделните народности се расцепкуваат, делумно со ставање во игра на српскиот елемент против бугарскиот, делумно тие се задушуваат вештачки преку замена на народноста со верата".

Општо земено оваа збирка на австриски документи за 1905 и 1906 година проследена со неопходните коментари и објаснувања во уводот на нејзиниот приредувач Зографски, претставува извонреден придонес кон изворната документација за недамнешното минато на македонскиот народ и земја во трите вилаети на Македонија: Битолскиот, Косовскиот (покасно Скопскиот) и Солунскиот. Таа јасно и прегледно го оцртува макотрпниот живот на македонскиот народ во 1905 и 1906 година под турска власт и под вкрстосаниот оган вооружените пропагандистички чети на соседните монархии.

Љубен ЛАПЕ

## ИЗВЕСТИЯ НА ДЪРЖАВНИТЕ АРХИВИ, Кн. 33, 1977, с. 367,4°

Органот на Централната управа на архивите при Министерскиот совет на НР Бугарија во бројот 33 за 1977 год., донесува неколку статии, нови документи, преглед на архивски фондови и документи и нови архивски документи и фондови, во кои се содржат материјали од непосреден интерес за нашата историографија и токму поради тоа сакаме да укажеме на истите.

Од статиите ќе ја споменеме само таа на Симеон Симеонов[1])

[1]) Симеон Симеонов, Административно-териториално устройство и местно управление на Източна Румелия, с. 23—37.

за административното управување на Источна Румелија во која авторот си поставил за задача да го разгледа прашањето за административно-територијалното уредување, месните органи на власта и на управата, нивниот состав и функционирање, врз основа на Органскиот устав на Источна Румелија (донесен на 14. IV. 1879 год., од страна на меѓународната комисија од претставници на големите сили и на Турција). Разгледувањето на тоа прашање авторот го започнува тргнувајќи од фактот дека Санстефанска (ние би додале планираната Санстефанска Бугарија, бидејќи таа како таква освен на хартија никогаш и не постоела) Бугарија била поделена на Берлинскиот конгрес. Во врска со територијата што ја зафаќала Источна Румелија авторот ги донесува одредбите од чл. 14 од Берлинскиот договор при што станува збор и за граничната лилинија спрема Македонија.

Меѓутоа, за нас, од интерес се пред сè документите публикувани во списанието. Така Олга Стефанова[2]), која публикува документи во врска со прославувањето на меѓународниот празник на трудот во НР Бугарија, донесува и еден многу интересен документ — Протокол од советувањето, одржано на 27 март 1946 год., на Обласниот комитет на Отечествениот фронт на Горна Џумаја за формирање на областен акционен комитет, со задача да обезбеди учество на сите општествено-политички организации во подготовките за реализацијата на прославата на 1-ви мај.

Златка Тенева презентира документи[3]) за теророт во Бугарија по априлските настани од 1925 година. Се работи за едно писмо на Екатерина Петкова Каравелова во прилог на кое е даден список на 151 лице, исчезнато за време на жестокиот терор на владата на Цанков. Меѓу убиените се спомнува и името на Петар Зафиров Михаилов роден во с. Лесново (Злетовско), член на БКП, убиен во Софија во 1925 година.

Од посебен интерес се секако документите за аферата „Мис Стон" презентирани од Т. Добријанов и К. Пандев[4]). Станува збор за 35 документи; извештаи на бугарските дипломатски и трговски претставници од Македонија и од Цариград, инструкции, преписка и ноти на министерствата на внатрешните и на надворешните работи на Бугарија, писма на американскиот генерален конзул во Цариград Чарлс М. Дикинс до Министерството на надворешните работи на Бугарија, како и белешка за известувањата Фергузон, дописник на „Ројтер", од 17 ноември 1901 година.

Документите уште еднаш ја потврдуваат непобитната вистина

---

[2]) Олга Стефанова, Първомайското съревнование и чествуването на празника на труда 1 май в първите години на народната власт (1945—1948), с. 39—73.

[3]) Златка Тенева, документи за белия терор в България, с. 75—83,

[4]) Тодор Добриянов и Константин Пандов, Документи за пленяването на Мис Стон, с. 99—133.

за тоа дека грабнувањето на американската мисионерка Мис Стон од четата на Јане Сандански, Христо Чернопеев и Крсто Асенов, беше револуционерен чин на Организацијата која ја имаше сестраната поддршка и доверба на поробениот македонски народ. Само така можеше да се објасни целосниот успех на акцијата како и фактот, што и со овие документи уште еднаш се потврдува дека имињата на водачите на Организацијата останале непознати до крајот на аферата. Имено, само на едно место (Док. № 19) дописникот на „Ројтер", врз основа на личните податоци собрани од страна на Дикинсон, претпоставува дека „со заговорот и со четата раководеле Сандански и Дончев и уште еден (за чие име Фергузон во моментот не се сеќавал)".

Документите фрлаат повеќе светлина на ставот на бугарската влада кон акцијата на Револуционерната организација во Македонија, текот на преговорите во врска со откупот, предавањето на откупот и ослободувањето на заложниците, како и за политичките импликации во врска со самата афера.

Бл'скова презентира нови документи за Априлското востание[5]) во Бугарија, 11 на број, во кои, меѓу другото, станува збор и за учеството на Георги Измирлиев (од гр. Горна Џумаја) во востанието и за неговата смрт (Док. 5 и 11).

Бл'скова со Калинова укажуваат на постоење и на други документи[6]) за Априлското востание и за револуционерната активност во Бугарија пред тоа, претежно молби до Народното собрание на Бугарија за утврдување, давање или зголемување на пензиите, како и спомени на современиците, чувани во Централниот историски архив во Софија. Се укажува на постоење на молба од Андон Измирлиев која содржела конкретни податоци за активноста и обесувањето од страна на Турците на неговиот брат Георги Измирлиев. За постоење на податоци за дејноста на Георги Измирлиев се споменува во врска со молбата на некоја Т'рсина Михајлачкова, мајка на Коста В. Михајлов (од Трновско), кој учествувал во востанието во четата на Георги Измирлиев — Македончето.

Интересно е да се спомене дека се укажува на постоење на молба со соодветни податоци, чиј поднесувач бил Никола Георгиев од гр. Велес, соработник на Ильо војвода — Малешевски.

На крај би додале дека сметаме за непотребно посебно да укажуваме на тоа дека споменатите автори Македонците ги сметаат за Бугари. Тоа е општопознато.

Михајло МИНОСКИ

---

[5]) Марина Блъскова, Жени—участнички в Априлското въстание, с. 149—158.

[6]) Марина Блъскова—Ани Калинова, Документи за националноосвободителните борби на българския народ и Априлското въстание, съхранени в ЦДИА, с. 307—315.